ПРЕДЛАГАЧ: Владата на Република Македонија

ПРЕТСТАВНИЦИ: Беким Незири, министер за економија

Христијан Делев, заменик на министерот за економија

ПОВЕРЕНИЦИ: Анета Димовска, државен секретар во Министерството за економија

Билјана Додевска, државен советник во Министерството за економија

# П Р Е Д Л О Г - З А К О Н
за изменување и дополнување на Законот за контрола на извоз на стоки и технологии со двојна употреба

Скопје, ноември 2014 година

Република Македонија
**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Бр. 42-9186/1**
**25.11.2014 година**
**С к о п ј е**

**ДО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**С К О П Ј Е**

Врз основа на членот 91 алинеја 2 од Уставот на Република Македонија и членовите 132 и 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија Ви поднесува Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за контрола на извоз на стоки и технологии со двојна употреба, што го утврди на седницата, одржана на 25.11.2014 година.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени Беким Незири, министер за економија и Христијан Делев, заменик на министерот за економија, а за повереници Анета Димовска, државен секретар во Министерството за економија и Билјана Додевска, државен советник во Министерството за економија.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**м-р Никола Груевски**

Подготвил:Снежана Маркова – Пендовски
Контролирал: Љубица Р. Димовска
Согласен: Митра Спасовска
Одобрил:Кирил Божиновски

В О В Е Д:

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за контрола на извоз на стоки и технологии со двојна употреба („Службен весник на Република Македонија“ број 82/05; 84/07; 158/10 и 136/11) се уредува извозот, брокерските услуги и транзитот на стоки и технологии со двојна употреба. Согласно законот од страна на Владата на Република Македонија формирана е Комисија за извоз на стоки и технологии со двојна употреба. Проучувајќи ги надлежностите на Комисијата за извоз на стоки и технологии со двојна употреба во другите земји се цени дека има потреба од проширување на надлежностите на Комисијата за извоз на стоки и технологии со двојна употреба, во делот на контролата во процесот на издавање на дозволите за извоз и дозволите за брокерски услуги на стоки и технологии со двојна употреба.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за контрола на извозот на стоки и технологии со двојна употреба има за цел да се прошират надлежностите на Комисијата за извоз на стоки и технологии со двојна употреба. Имено, покрај другите работи што ги врши Комисијата, се предлага истата да ја следи и координира контролата на извозот, да ги разгледува сите документи по поднесени барања при што ќе подготви записник за секој поединечен предмет и записникот со своето мислење ќе го достави до министерот за економија. Министерот за економија врз основа на позитивното мислење од институциите од член 8 став (1) и (2) и позитивно мислење од Комисијата за извоз на стоки и технологии со двојна употреба ќе издаде дозвола за извоз и дозвола за брокерски услуги на стоки и технологии со двојна употреба.
Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за контрола на извозот на стоки и технологии со двојна употреба се заснова на истите начела врз основа на кои е донесен законот што се изменува.
Основните решенија на Предлог законот се дадени во текст на закон.

## III. ОЦЕНА И ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за контрола на извозот на стоки и технологии со двојна употреба не предизвикува фискални импликации врз Буџетот на Република Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Со Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за контрола на извозот на стоки и технологии со двојна употреба не се предизвикуваат дополнителни трошоци.

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КОНТРОЛА НА ИЗВОЗ НА СТОКИ И ТЕХНОЛОГИИ СО ДВОЈНА УПОТРЕБА

## Член 1

Во Законот за контрола на извоз на стоки и технологии со двојна употреба („Службен весник на Република Македонија“ број 82/2005, 84/2007, 158/2010 и 136/2011), во членот 4 став (2) зборот: “седум“ се заменува со зборот: “шест“, а зборовите: “Секретаријатот за законодавство и “ се бришат.
Ставот (4) алинеја 4 се менува и гласи:

“ - ги разгледува барањата за издавање на дозволи за извоз, дозволи за брокерски услуги и дозволи за транзит на стоки и технологии со двојна употреба подготвува записник за секој поединечен предмет и записникот со своето мислење го доставува до министерот за економија и “

## Член 2

Во членот 9 став (1) по зборот „закон“ запирката се брише и се додаваат зборовите „и позитивно мислење од Комисијата“.

## Член 3

Се задолжува Законодавно-правната Комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за контрола на извоз на стоки и технологии со двојна употреба.

## Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен весник на Република Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КОНТРОЛА НА ИЗВОЗ НА СТОКИ И ТЕХНОЛОГИИ СО ДВОЈНА УПОТРЕБА

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Предложените измени на законот имаат за цел да се прошират надлежностите на Комисијата за извозот на стоки и технологии со двојна употреба.
Со измените се интервенира во материјалниот дел од текстот на Законот, и тоа:
Со членот 1 се интервенира во членот 4 став (2) така што согласно надлежностите на Секретаријатот за законодавство утврдени во член 40 став 2 од Законот за Владата на Република Македонија како и надлежностите кој што се предлагаат за комисијата да ги разгледува барањата за издавање на дозволи за извоз и дозволи за брокерски услуги на стоки и технологии со двојна употреба, од составот на Комисијата се брише членот и заменик членот од Секретаријатот за законодавство.
Исто така се интервенира и во став (4) алинеја 4 така што наместо Комисијата да дава мислења по предмети по кои е поднесена жалба, по барање на Комисијата на Владата на Република Македонија надлежна за решавање на жалби од втор степен и се дава надлежност да ги разгледува барањата за издавање на дозволи за извоз и дозволи за брокерски услуги на стоки и технологии со двојна употреба, односно да учествува во процесот на одлучување по предмети во прв степен.
На овој начин се воведува уште еден филтер во процесот на издавањето на дозволи за извоз и дозволи за брокерски услуги на стоки и технологии со двојна употреба. Истите како и досега ќе ги подготвува стручната служба на министерството за економија, но пред да се издаде дозволата од страна на министерот за економија истите ќе бидат разгледани уште еднаш од страна на Комисијата за извоз на стоки и технологии со двојна употреба.
Со членот 2 се интервенира во членот 9 став (1) со што Министерството за економија за да ја издаде дозволата ќе треба да има и позитивното мислење од Комисијата за извоз на стоки и техноолгии со двојна употреба.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Со оглед на тоа што со изменувањето и дополнувањето на Законот за контрола на извоз на стоки и технологии со двојна употреба се предвидува изменување на веќе постоечки одредби на законот, решенијата содржани во одредбите се меѓусебно поврзани и се однесуваат на истата работа.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложените измени и дополнувања на Законот ќе се овозможи да се подобри процесот на издавање на дозволи за извоз и дозволи за брокерски услуги на стоки и технологии со двојна употреба.

ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ ОД ЗАКОНОТ КОИ СЕ МЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ

Член 4

(1) Владата на Република Македонија формира Комисија за извоз на стоки и технологии со двојна употреба (во натамошниот текст : Комисија ).
(2) Комисијата е составена од седум члена, нивни заменици и секретар, од претставници на органите на државната управа чии надлежности се поврзани со контролата на извозот на стоки и тенологии со двојна употреба и тоа на: Министерството за одбрана, Министерството за економија, Министерството за внатрешни работи, Министерството за надворешни работи, Царинската управа на Република Македонија, како и Секретаријатот за законодавство и Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија.
(3) Со Комисијата раководи претседател на Комисијата кого го избираат членовите на Комисијата од своите редови .
(4) Комисијата од став (1) на овој член ги врши следниве работи:
- ги предлага на Владата на Република Македонија листите од членот 5 од овој закон;
- дава иницијативи за уредување на прашања од значење за контрола на извоз на стоки и технологии со двојна употреба, со овој или друг закон;
- остварува соработка со надлежни меѓународни институции и тела за прашања од нејзина надлежност;
- дава мислења по предмети по кои е поднесена жалба, по барање на Комисијата на Владата на Република Македонија надележна за решавање на жалби од втор степен и
- врши други работи утврдени со овој и друг закон.
(5) Комисијата за својата работа донесува деловник.
(6) Аминистративно-техничките работи на Комисијата ги врши Министерството за економија во согласност со актот за организација на работа.
(7) Комисијата еднаш годишно доставува извештај за својата работа до Владата на Република Македонија.

Член 9

(1) Министерството, по предходно прибавено позитивно мислење од членот 8 ставови (1) и (2) на овој закон, издава дозвола за извоз или дозвола за брокерски услуги најмногу за период од една година од денот на издавањето на дозволата.
(2) Дозволата од ставот (1) на овој член се издава во четири примероци: два се доставуваат до барателот, од кои еден примерок барателот го доставува до царинскиот орган при постапката на извоз, а еден задржува за себе, еден примерок се доставува до Царинската управа на Република Македонија и еден примерок се чува во архивата на Министерството.

(3) Министерството е должно еднаш на шест месеци да достави список на издадени дозволи за извоз, дозволи за брокерски услуги и одбиени барања за добивање дозволи за извоз и дозволи за брокерски услуги, до Комисијата.